Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 102, 15 мај 2013 година

мај 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти-пијано и сонологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за научна област биологија, биохемија со физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 8

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Машини и опрема во растителното производство“ од авторот доц. д-р Зоран Димитровски од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Трудово право–практикум“ (со коментар на законот за работните односи и модели на акти и обрасци за практична примена) од авторот доц. д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........17

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Психијатрија” од авторите проф. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, доц. д-р Гордана Панова, проф. д-р Гунтер Никлевски, проф. д-р Дијана Беловска, м-р. д-р Стојан Бајрактаров, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........20

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........23

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТРУДОВО ПРАВО – ПРАКТИКУМ“ (СО КОМЕНТАР НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И МОДЕЛИ НА АКТИ И ОБРАСЦИ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВОЈО БЕЛОВСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр. 162-62/13 од 85. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 2.4.2013 година, се избрани рецензенти:

– проф. д-р Осман Кадриу од ФОН - Скопје и
– доц. д-р Андон Мајхошев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесуваат следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Авторот на овој *Практикум* е наставник и по предметот Трудово право кој е наменет за шести семестар на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип“, неделен фонд на часови 2+1+1, и истиот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја по Трудово право.

Ист или сличен *Практику*м за практична примена на прописите од областа на работните односи (пред сè Законот за работните односи) на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип не е објавен.

Посебен квалитет на овој труд му дава фактот што авторот, со своето теоретско и практично искуство, на многу едноставен, но стручен начин, врши коментирање и појаснување на прописите од трудово-правната сфера, со практични примери.

Информации за авторот. Авторот на овој *Практикум* покажува вистинско познавање на материјата, при што е претставен како високопрофесионален и квалитетен истражувач и толкувач во полето на работните односи. За тоа сведочат и повеќето трудови кои се издадени од областа на работните односи, како: Коментарот на Законот за работните односи од 2011 година; Прирачникот за практична примена на прописите од областа на работните односи од 2009 година; повеќето трудови во стручното списание *Правник* и други.

Доц. д-р Војо Беловски веќе пет години е наставник на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (на Правниот факултет и други факултети) и предава поголем број предмети од правната област, како што се: Трудово право, Трговско право, Граѓанско право, Стварно право, Наследно право, Семејно право, Граѓанско процесно право, Административно право и други, што недвосмислено зборува за неговите стручни способности. Посебно и фактот што авторот има долгогодишно практично искуство од областа на правните науки.

Трудот на доц. д-р Војо Беловски претставува самостојна, комплексна анализа и разработка на поголемиот дел трудово-правните институти, на правните и практичните аспекти на трудово-правната проблематика. Неспорно може да се заклучи дека авторот располага со големо не само теоретско, туку и практично искуство во оваа област, бидејќи темелно и критички ги анализира прашањата на трудово правната проблематика. Трудот изобилува со прецизни анализи на поголем број законски одредби и практични примери (со модели на акти и обрасци) кои може да ги задоволат потребите и интересот на студентите што сакаат потемелно да се запознаат со практичната примена на прописите од оваа област.

Повој *Практикум* претставува труд од аспект на практичната примена на законските решенија. Во овој обем и со ова содржина на кој се објавува означува и претставува еден скромен обид, за кој сметаме дека е мошне успешен, студентите да можат на едноставен

и на најсоодветен начин да ги разберат најбитните законски решенија со кои се уредуваат работно-правните односи. При фактот дека со Законот за работните односи на Република Македонија од 2005 година (објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 62/05 од 28.7.2005 година) и сите негови измени и дополненија и усогласувањата со одлуките на Уставниот суд, кои се вградени во овој Практикум се уредува една мошне значајна сфера на општествените односи, актуелноста на овој закон секогаш е присутна.

Кога се анализира содржината на Законот за работните односи, потребно е да се нагласи дека во целина земено со Законот за работните односи се уредуваат работните односи помеѓу работниците и работодавачите, односи кои, како што е познато се уредуваат и со колективните договори како и со општите акти на ниво на работодавачите. Според местото и опфатот на правната регулатива за позначајните институции и прашања кои се уредуваат со Законот за работните односи, авторот настојува со острина да се коментираат и дел од неговите одредби, поточно, законските решенија содржани во нив.

Информации за трудот: Овој Практикум по предметот Трудово право се однесува на подготовка на практични материјали кои би помогнале во рамките на наставата по предметот Трудово право, како и во насока на поефикасно реализирање на вежбите во истиот предмет. Елаборацијата на поголемиот дел од предметните содржини ќе овозможи студентите полесно да го апсолвираат предвидениот материјал, како и понатамошно развивање и ефектуализација на материјата во пракса. Трудот опфаќа 190 страници, со прилози на обрасци и два модели на акти и е поделен во девет целини и тоа:

**1. ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС**

1/1 Договор за вработување - правна основа за засновање на работен однос
1/2 Страни на договорот за вработување
1/3 Услови за склучување на договорот за вработување
1/4 Договорна слобода

**2. ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

2.1. Начин на обезбедување на потребата од работници
2.2. Права и обврски на работодавачот (во врска со обезбедувањето на потребата од работници)

**3. ВИДОВИ НА РАБОТЕН ОДНОС**

3.1. Договор за вработување на неопределено време
3.2. Договор за вработување на определено време
3.3. Договор за вработување (работен однос) со пробна работа
3.4. Договор за вработување со приправници (приправнички работен однос)
3.5. Волонтерски стаж
3.6. Договор за вработување со скратено (неполно) работно време
3.7. Двоен работен однос
3.8. Дополнително работење
3.9. Договор за вработување со вршење на работа дома - работен однос надвор од деловните простории на работодавачот
3.9.1. Лично или семејно извршување на работите
3.9.2. Заштита на животната средина
3.10. Договор за вработување на куќни помошници

**4. ДИРЕКТОР И РАБОТНИОТ ОДНОС**

**5. НАЧИНИ НА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

5.1. Престанување на важноста на Договорот за вработување на определено време
5.2. Престанување на важноста на Договорот за вработување поради смрт на работникот, односно работодавачот (физичко лице)

5.3. Престанување на важноста на Договорот за вработување поради поведување постапка за престанок на работодавачот
5.4. Раскинување на Договорот за вработување со спогодба
5.5. Откажување на Договорот за вработување со отказ од страна на работникот и работодавачот
5.6. Престанок на важноста на Договорот за вработување врз основа на судска пресуда
5.7. Престанок на важноста на Договорот за вработување во други случаи утврдени со Закон

**6. ОТСТРАНУВАЊЕ ОД РАБОТА**

**7. ПОНУДА НА НОВ ПРОМЕНЕТ ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕД ОТКАЗ**
**8. ЗАБРАНА НА КОНКУРЕНЦИЈА**
8.1. Конкурентска забрана – законска забрана на конкурентското дејствување
8.2. Конкурентска клаузула – договорна забрана на конкурентското дејствување

**9. ОПШТИ АКТИ**
9.1. Акт за организација и систематизација на работите и работните задачи
9.2. Колективен договор на ниво на работодавач

**ПРИЛОГ – ОБРАСЦИ**

Оригиналноста на трудот и проценка за придонесот врз научната мисла. Овој труд, според начинот на изработка и содржината има за цел да служи како наставно помагало во рамките на програмата за изведување предавањата и вежбите по предметот Трудово право.

Претпоставен интерес на стручната и другата јавност за која е наменет овој Практикум. Како нов труд во рамките на реализацијата на наставната содржина, реално се очекува да предизвика интерес за практичните аспекти на предметната содржини кај студентите кои ги изучуваат предметот Трудово право, но поширокaта јавност (пред сè работодавачите и работниците).

Други напомени за трудовите. Овој труд ги разработува проблемите поврзани со правилното толкување на Законот за работните односи, колективните договори и другите прописи од ова област.

Препорака за прифаќање како дополнителна литература. Овој Практикум се очекува да предизвика голем интерес кај студентите и стручната јавност, бидејќи студентите ќе имаат можност полесно да ја реализираат предвидената материја по предметот Трудово право, како и усвојување на нејзините практични апликации во текот на понатамошното студирање и професионално реализирање по завршувањето на студиите.

## З А К Л У Ч О К

Бидејќи ракописот ги задоволува критериумите за објавување имаме чест, позитивно да ги оцениме трудот „ПРАКТИКУМ“ со коментар на Законот за работните односи и модели на акти и обрасци за практична примена на доцент д-р Војо Беловски и да го поздравиме неговото објавување, кое ќе побуди интерес во рамките на реализирањето на предметната содржина во рамките на трудовото право.

Кочани, 25.4.2013 г.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Осман Кадриу, с.р.**
**Доц. д-р Андон Мајхошев, с.р.**